# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Среда 01 Март 2017 година Број 02/2017 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на Извештајот
за состојбата во областа на јавниот ред и мир
и безбедноста на сообраќајот и патиштата на
подрачјето на ПС ОН Радовиш за втората
половина од 2016 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот и патиштата на подрачјето на ПС ОН Радовиш за втората половина од 2016 год., бр. 08-386/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-386/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 36 став 1точка 13 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.35 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 г., донесе

З А К Л У Ч О К
За прифаќање на Извештајот за состојбата во
областа на јавниот ред и мир и безбедноста на
сообраќајот и патиштата на подрачјетона ПС ОН
Радовиш за втората половина од 2016 година

I. Се прифаќа полугодишниот Извештај за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот и патиштата на подрачјето на ПС ОН Радовиш за втората половина од 2016 година, рег.бр. 33.5.4-82/1 од 10.01.2017 год. наш бр. 09-42/1 од 10.01.2017 год.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-386/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на Извештајот
на Градоначалникот на општина Радовиш за
спроведување на одлуките на Советот на општина
Радовиш за период од 01.01.2016 год. до 31.12.2016
год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот на Градоначалникот на општина Радовиш за спроведување на одлуките на Советот на општина Радовиш за период од 01.01.2016 до 31.12.2016 година, бр. 08-387/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-387/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 г., донесе

ЗАКЛУЧОК
За прифаќање на Годишниот Извешта јна
Градоначалникот на општина Радовиш за
спроведување на одлуките на Советот на
општина Радовиш за период од 01.01.2016 год. до
31.12.2016 год.

I. Се прифаќа Годишниот извештај на Градоначалникот на општина Радовиш за спроведување на одлуките на Советот на општина Радовиш за период од 01.01.2016 год. до 31.12.2016 година.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-387/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 г., донесе

## И З В Е Ш Т А Ј
на Градоначалникот на општина Радовиш за спроведување на одлуките на Советот на општина Радовиш за период од 01.01.2016 год. до 31.12.2016 год.

25.01.2016 година

45-та седница на Советот на општина Радовиш.

Донесена е и реализирана Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Радовиш.

Објавена е тендерска постапка и извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите кризни точки во целата општина.

Донесен е Правилник за утврдување критериуми за распоредување на средства на здруженија на граѓани, невладини организации, спортски клубови и поединци од буџетот на општина Радовиш по кој се распоредуваат средства во 2016 година;

Донесена е одлука и распишан е јавен повик за распределба на средства од буџетот за 2016 година за спортските клубови.

Усвоени се две информации, решенија за разрешување и избор на членови во Управни одбори, а реализирани се две одлуки за одобрени финансиски средства;

12.02.216 год.

46-та седница

Донесен е Елаборатот за одредување на заштитни зони околу водоснабдителните објекти за водоснабдување во општина Радовиш и Одлука за определување заштитни зони околу телата наменети за консумирање од страна на човекот се доставени до ЈП „Плаваја„ Радовиш на понатамошна постапка.

Одлуката за распределба на средства за спорт е реализирана во целост.

Одлуки (18) за легализација на бесправно изградени објекти се во постапка во службите Сектор за урбанизам, комунални работи, ЗЖС И ЛЕР кои се во поголем дел реализирани.

Усвоени се 13 извештаи и информации.

Донесени се и реализирани 5 одлуки за одобрени финансиски средства.

11.03.2016 година

47-ма седница-

Усвоени се годишни сметки: на буџетот на ЕЛС Радовиш и 11 (единаесет) институции за 2015 година, Годишни програми за работа во 2016 год. и за учебна 2016/2017 година чиј основач е општината. Дадените 4 (четири) позитивни мислења за изведување ученички екскурзии се доставени до институциите за реализација.

Донесени се програми и Акциони планови кои се реализираат согласно дадената динамика.

Донесени се одлуки за сопствено учество за реализација на проектите за изградба на пречистителна станица во селата Воиславци и Калуѓерица, кои засега ќе функционираат како пред третман со таложница, а во рок од 5 (пет) години ЕЛС Радовиш презама обврска да изгради контејнерски тип на пречистителна станица во двете населени места.

04.04.2016 година

48-ма седница

Усвоени се 3 (три) годишни извештаи за работа во 2015 година, програми и информации на институции чиј основач е општината.

Донесени се Програмата за локален економски развој, како и измени и дополнувања на веќе донесени програми за работа во 2016 година, а кои се реализираа тековно, а за нивото на реализација ќе следи извештај.

Донесена е Одлука за распишување јавен повик за распределба на средства од буџетот за 2016 година за НВО и здруженија на граѓани.

Се даде согласност за сопствено учество на 3 (три) апликации од ИПА фондовите. Според постапката на ИПА влезени сме со сите три проекти во втора фаза.

18.05.2016 година

49-та седница-

Дадена е согласност на 3 (три) годишни планови за вработување во 2017 година на институции чиј основач е општината, извештај за реализација на Програмата за УГЗиЛП, квартални извештаи и измена на Програмата за урбанистичко планирање.

Одлуки (21) за легализација на бесправно изградени објекти се во постапка во службите

Сектор за урбанизам, комунални работи, ЗЖС И ЛЕР кои се во поголем дел реализирани.
Донесени се 11 одлуки за давање финансиски средства по повеќе основи на НВО, индивидуални баратели и одобрени финансиски средства од усвоен извештај на КФБ, КОСК И КЗСЗ, истите се исплатени.

14.06.2016 година
50-та седница
Донесени се повеќе акти кои се во тековна примена: Програма за заштита на животна средина, измена на Програма за УГЗиЛП, Проценка за загрозеност на подрачјето на општина Радовиш од сите ризици и опасности, распоред на буџетски средства.
Основан е Локален економски совет кој е формиран во јануари 2017 год.
Одлуки (5) за легализација на бесправно изградени објекти се во постапка во службите Сектор за урбанизам, комунални работи, ЗЖС И ЛЕР кои се во поголем дел реализирани.
Донесени се 6 одлуки за давање финансиски средства по повеќе основи на индивидуални баратели и одобрени финансиски средства од усвоен извештај на КФБ, КОСК И КЗСЗ, истите се исплатени.

01.07.2016 година
Донесени се 11 одлуки за давање финансиски средства по повеќе основи на индивидуални баратели и одобрени финансиски средства од усвоен извештај на КФБ, КОСК И КЗСЗ, истите се исплатени.

30.08.2016 година
52-ра седница-Повеќе Програми се менувани и дополнувани. Донесени се одлуки за дејноста образование за формирање паралелки со помал број ученици и комбинирани паралелки. Основан е Центар за ран детски развој во с.Злеово. Извршено е преотстапување на користење и одржување на водоводите во с. Воиславци и Калуѓерица на ЈП „Плаваја„ Радовиш. Реализирани се донесените решенија за промени во управни и училишни одбори поради истек на мандат.
Одлуки (32) за легализација на бесправно изградени објекти се во постапка во службите Сектор за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР кои се во фаза на реализација.
Донесени се 5 одлуки за давање финансиски средства по повеќе основи на индивидуални баратели и одобрени финансиски средства од усвоен извештај на КФБ, КОСК И КЗСЗ, истите се исплатени.

30.09.2016 година
53-та седница
Се усвоија повеќе извештаи за работа (полугодишен-полициска станица, годишни извештаи за основно и средно образование), годишни програми и одлуки за работа од областа на образованието, измени на повеќе Програми за тековни потреби, кои и досега повеќепати претрпеа измена и дополнување во текот на годината.
Донесени се одлуки од дејноста урбанизам, за урбанизација на урбани блокови, 5 (пет) одлуки за легализација на бесправно изградени објекти.
Донесени се одлуки за давање финансиски средства по повеќе основи на 5
(пет) баратели, како и одлуки со кои се уредуваа административни тековни потреби.

19.10.2016 година
54-та седница
Донесени се Програмите за волонтерство и функционирање на општинската администрација за 2017 година. Направена е промена на програми за 2016 г. кои повеќепати претрпеа измена и дополнување во текот на годината, Донесени се одлуки за давање финансиски средства по повеќе основи на 7 (седум) баратели, НВО, верски заедници, индивидуални баратели и јавни институции, одобрени финансиски средства од усвоен извештај на КФБ, како промена во распоредот на буџетските ставки.

06.11.2013 година
55-та седница-Седница за „6-ти Ноември„.

23.11.2016 година
56-та седница
Дадено е позитивно мислење за ученички екскурзии, распоред на буџетски средства по ставки и една одлука за легализација.

28.12.2016 година
57-ма седница
Дадено е позитивно мислење за ученички екскурзии, прифатени се годишни програми на општински институции од областа на културата, програма за работа на Советот во 2017 година, повеќе оперативни планови од областа на заштитата и спасувањето, Програма за УГЗиЛП, Програма за урбанистичко планирање, Програма за јавно осветлување, Програма за јавна чистота, Програма за одржување паркови и зеленило, Програма за локален економски развој, Годишен план за вработување во ЈП „Плаваја„ Радовиш како и други акти потребни за функционирање на институциите кои се основани од општината.
Донесени се две одлуки за сопствено учество во реализација на проекти за изготвување на

техничка документација за улица во УБ 26 Радовиш и за локален пат Р-528 -авто камп, КО Козбунар.

Одлуки 5 (пет) за легализација на бесправно изградени објекти се во постапка во службите Сектор за урбанизам, комунални работи, ЗЖС И ЛЕР кои се во фаза на реализација.

Донесени се 6 (шест) одлуки за давање финансиски средства по повеќе основи на индивидуални баратели и одобрени финансиски средства од усвоен извештај на КФБ, КОСК И КЗСЗ, истите се исплатени во јануари во 2017 год.

Донесен е буџетот на ЕЛС Радовиш за 2017 година со сите придружни одлуки и истиот почна да се применува од 01.01.2017 година.

Во текот на годината извршени се два ребаланси на Буџетот на општината за 2016 година, давани се согласности за измена на статути на институциите чиј основач е општината, како и одлуки за пристапување кон измени на делови од ДУП во град Радовиш.

Општинската администрација, по стапувањето во сила на актите донесени од Советот на општината, веднаш пристапува кон нивна примена во тековно работење.

Подготвил: Оливера Долдурова

Предлагач: Градоначалник
на општина Радовиш
Сашко Николов

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на Информацијата
за извршување на надлежностите на
Градоначалникот на општина Радовиш за период
од 01.01.2016 год. до 31.12.2016 год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за извршување на надлежностите на Градоначалникот на општина Радовиш за период од 01.01.2016 год. до 31.12.2016 год., бр. 08-388/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-388/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 г., донесе

## З А К Л У Ч О К
За прифаќање на Информацијата за извршување на надлежностите на Градоначалникот на општина Радовиш за период од 01.01.2016 год. до 31.12.2016 год.

I. Се прифаќа Информацијата за извршување на надлежностите на Градоначалникот на општина Радовиш за период од 01.01.2016 до 31.12.2016 год.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-388/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 г., донесе

## И Н Ф О Р М А Ц И Ј А
за извршување на надлежностите
на Градоначалникот на општина Радовиш
за период од 01.01.2016 год. до 31.12.2016 год.

Во овој период градоначалникот на општината и општинската администрацијата продолжи со извршувањето на работите и надлежностите предвидени во Законот за локална самоуправа и другите закони.

Работата беше насочено кон спроведување на одлуките, програмите и другите акти донесени од Советот на општина Радовиш, а останатото беше спроведување на надлежностите од страна на општинската администрација како свое тековно работење.

Главен приоритет имаше реализацијата на Буџетот на општината, како и давањето услуги на граѓаните во рамки на надлежностите на општината. Потоа донесените годишни програми за работа, кои во најголем дел се исполнети, но за секоја програма, посебно оние со финансиски средства, ќе има посебен извештај до Советот на општината.

Се даде приоритет на реализацијата на донесените одлуки од Советот на општината за легализација на бесправно изградени објекти, како и тековната работа на администрацијата за комплетирани предмети по овој основ.

Поднесените апликации за изработка на проекти од ИПА фондови и за меѓугранична соработка, на кои им се даде приоритет се во тек и сме во очекување на позитивен одговор за нивно прифаќање.

Во комуналната изградба, согласно Програмата за УГЗиЛП и Планот за јавни набавки спроведени се повеќе постапки за експропријации, изградба на водоводни и канализациони системи, асфалтирање на улици, тротоари, партерни уредувања, детски паркови, спортски игралишта, уредување на јавни површини и други активности. Скучени се договори, за некои е започната и реализирана работата, дел од овие договори се во тек, а дел треба да отпочне со реализација.

Оваа година се отпочна со еден капитален објект од интерес за граѓаните на општината кој почна да се гради со средства од републички буџет, европските фондови и во дел од општински буџет, а тоа е изградбата на пречистителна станица во општината во висина од 500.000 евра.

Во ТИРЗ зоната завршена е постапката за изградба на улица чија изградба треба да почне во 2017 година.

Се изработуваат основни проекти за реконструкција и доградба на противпожарен дом во Радовиш и проекти за инфраструктурни линиски градби (улици, локални патишта, фекална канализација, атмосферска канализација и водовод и проект за регулација на речно корито на река Сушица).

За подобрување на условите за работа во образовните институции чиј основач е општината перманентно се работи. Оваа година на почетокот на учебната година пуштено е во употреба новото монтажно училиште во с.Покрајчево.

За поттикнување на учењето кај учениците и поттикнување на пренесување на знаењето од наставниците се продолжи со доделување едногодишни стипендии на најдобрите ученици од основното и средното образование во општината, а се наградуваат посебно и учениците кои освоиле прво, второ или трето место на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари, како и за нивните ментори/ наставници.

Традиционално, по четврти пат, на првиот училишен ден за сите запишани првоодделенци од општината им се подарува училишен прибор подарок од локалната самоуправа.

Отворениот нов Центар за ран детски развој во с. Злеово, по добиената согласност од МТСП, почна да работи во состав на ЈОУДГ „Ацо Караманов„ Радовиш.

Општината работи на поттикнување на спортувањето (поединечен и колективен) спортските екипи и ентузијастите во спортот со финансирање на нивната работа, за развивање на спортскиот дух и натпреварување во сите спортови за кои се покажа интерес за сите возрасти. Голем дел од спортските манифестации се финансиски поддржани, а на големо одобрување наиде поставувањето на фитнес справи на отворено во дворот на спортскиот комплекс „25 Мај„ во Радовиш.

Манифестациите од областа на културата како и фестивалите, предвидени со програмите тековно според програмата се исполнуваа.

Во минатата година остварена е меѓусебна културна соработка со општини во Р. Србија, БиХ, Р.Хрватска, Р.Бугарија,,Р.Турција, Р.Романија, Руската Федерација и УКраина. Направени се возвратни посети од претставници на општините и потпишани се меморандуми за соработка.

Извештаите и информациите кои ќе следувааат од администрацијата и јавните институции за спроведувањето на донесените програми од страна на Советот на општината за минатата година ќе бидат дополнителен дел од информирањето за работата на градоначалникот на општината.

Подготвил: Оливера Долдурова

Предлагач: Градоначалник
на општина Радовиш
Сашко Николов

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
### За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата од Дирекцијата за заштита и спасување за состојбата со шумските пожари во општина Радовиш за 2016 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Информацијата од Дирекцијата за заштита и спасување, за состојбата со шумские пожари во општина Радовиш за 2016 година, бр. 08-389/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-389/2 | Градоначалник на |
| 01 Март 2017 г. | Општина Радовиш |
| Радовиш | Сашко Николов с.р. |

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а

согласно чл.21 ст.1 т.35 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 г., донесе

З А К Л У Ч О К
За прифаќање на Заклучокот за прифаќање на Информацијата од Дирекцијата за заштита и спасување за состојбата со шумските пожари во општина Радовиш за 2016 година

I. Се прифаќа Информацијата од Дирекцијата за заштита и спасување за состојбата со шумските пожари во општина Радовиш за 2016 год.,број 25-107/31 од 27.01.2017 година.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-389/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за прифаќање на Информацијата од ЈП „Македонски шуми„ подружница Радовиш за состојбата со шумскиот фонд во општина Радовиш во 2016 год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Информацијата од ЈП „Македонски шуми„ за состојбата со шумскиот фонд во општина Радовиш во 2016 година, бр. 08-390/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-390/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.35 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 г., донесе

З А К Л У Ч О К
За прифаќање на Заклучокот за прифаќање на Информацијата од ЈП „Македонски шуми„ подружница Радовиш за состојбата со шумскиот фонд во општина Радовиш за 2016 година

I. Се прифаќа Информацијата од ЈП „Македонски шуми„ подружница Радовиш за состојбата со шумскиот фонд во општина Радовиш, за 2016 година.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-390/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Каранамов„ Радовиш за 2016 год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Годишниот за работа на ОУ ЦК „Ацо Каранамов„ Радовиш за 2016 год., бр. 08-391/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-391/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 36 ст.1 т. 2 и чл. 50 ст.1 од Законот за локална самоуправа, чл. 21 ст. 1 т. 4 и чл. 43 ст.1 т.4 од Статутот на општина Радовиш, чл. 27 од Законот за сметководсво за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ бр. 61/2002; 98/2002 и 81/2005), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 год., донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Каранамов„ Радовиш за 2016 год

Член 1
Се усвојува Годишниот извештај за работа на ОУ ЦК „Ацо Каранамов„ Радовиш за 2016 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-391/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на Годишниот
извештај за работа на ОНБ „Браќа
Миладиновци„ Радовиш за 2016 год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Годишниот за работа на ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш за 2016 год., бр. 08-392/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-392/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 36 ст.1 т. 2 и чл. 50 ст.1 од Законот за локална самоуправа, чл. 21 ст. 1 т. 4 и чл. 43 ст.1 т.4 од Статутот на општина Радовиш, чл. 27 од Законот за сметководсво за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ бр. 61/2002; 98/2002 и 81/2005), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 год., донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишниот извештај
за работа на ОНБ „Браќа Миладиновци„
Радовиш за 2016 год.

Член 1

Се усвојува Годишниот извештај за работа на ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш за 2016 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-392/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за
усвојување на Извештајот од ПСС Радовиш ДОО
Радовиш за остварени средства од комунална
такса за 2016 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот од ПСС Радовиш ДОО Радовиш за остварени средства од комунална такса за 2016 година, бр. 08-393/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-393/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Извештајот
од ПСС Радовиш за остварени средства
од комунална такса за 2016 година

I. Се усвојува Извештајот од ПСС Радовиш за остварени средства од комунална такса за 2016 година, бр.12-107/34 од 31.01.2017 г.

II. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-393/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештајот за работа на ЈУ МЦСР Радовиш за 2016 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештајот за работа од ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш за 2016 г. , број 08-394/1 што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-394/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врзоснова на член 15 т.7, а согласно член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 28.02.2017 год., донесе

З А К Л У Ч О К
За прифаќање на Извештајот за работата на ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш за 2016 година

I. Се прифаќа Извештајот за работа ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш за 2016 година.

II. Советот на општината информативно го разгледува Извештајот за 2016 година поради тоа што за спроведување на активностите ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш е одговорен пред Министертсвото за труд и социјална политика на Република Македонија.

III. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-394/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за хигиено-епидемилошката состојба во општините Радовиш и Конче за 2016 год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Информацијата за хигиено-епидемилошката состојба во општините Радовиш и Конче за 2016 г., бр. 08-395/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-395/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 46 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За прифаќањена Информацијата за хигиено-епидемилошката состојба во општините Радовиш и Конче за 2016 год.

I. Се усвојува Извештајот за за хигиено-епидемиолошката состојба во општините Радовиш и Конче за 2016 год., бр.19-107/42 од 09.02.2017 г.

II. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-395/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештајот за Појавата и ширењето на заразните и паразитските болести во општина Радовиш за 2016 год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештајот за појавата и ширењето на заразните и паразитските болести во општина Радовиш за 2016 год., бр. 08-396/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-396/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 46 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Извештајот за појавата и ширењето на заразните и паразитските болести во општина Радовиш за 2016 год.

I. Се усвојува Извештајот за појавата и ширењето на заразните и паразитските болести во општина Радовиш за 2016 г. бр.19-107/43 од 09.02.2017 г.

II. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-396/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на ЈП „Плаваја„ Радовиш за реализација на Програмата за одржување на гробишта во Радовиш за 2016 год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на ЈП „Плаваја„ Радовиш за реализација на Програмата за одржување на гробишта во Радовиш за 2016 год., бр. 08-397/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-397/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 36 ст.1 т. 2 и чл. 50 ст.1 од Законот за локална самоуправа, чл. 21 ст. 1 т. 22 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 год., донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишниот извештај на ЈП „Плаваја„ Радовиш за реализација на Програмата за одржување на гробишта во Радовиш за 2016 год.

Член 1
Се усвојува Годишниот извештај на ЈП „Плаваја„ Радовиш за реализација на Програмата за одржување на гробишта во Радовиш за 2016 год. бр. 08-107/37 од 07.02.2017 год.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-397/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучок за прифаќање на Информацијата за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани и отпадни води во општина Радовиш за 2016 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Информацијата за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани и отпадни води во општина Радовиш за 2016 година, бр. 08-398/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-398/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст.1 т.43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Информацијата за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани и отпадни води во општина Радовиш за 2016 година

I. Се усвојува на Информацијата за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани и отпадни води во општина Радовиш за 2016 година.

II. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-398/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување во ЕЛС општина Радовиш за 2018 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во ЕЛС општина Радовиш за 2018 година, бр. 08-399/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-399/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст.1 т.43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 година, донесе

О Д Л У К А
за давање Согласност на Годишен план за вработување во ЕЛС општина Радовиш за 2018 година

I. Се дава Согласност на Годишниот план за вработување во ЕЛС општина Радовиш за 2018 година.

II. Се овластува градоначалникот на општината за потреби на ЕЛС Радовиш да врши промена на Годишниот план на локалната самоуправа Радовиш за 2018 година.

III. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-399/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање во општина Радовиш за 2017 година, број 08-1951/1 од 28.12.2016 г.

Ја прогласувам и објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планиорање во општина Радовиш за 2017 година, број 08-1951/1 од 28.12.2016 г. , бр. 08-400/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-400/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14 и 44/15), член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 43 точка 1 и точка 12 од Статутот на општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.05/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 28.02.2017 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2017 ГОДИНА

1. Со оваа Програма се предлага измена и дополнување на Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2017 година донесена со Одлука на Совет на Општина Радовиш со бр.08-1951/2 на седница одржана на 28.12.2016 год. и објавена во Службен гласник на Општина Радовиш.

II. Генерален урбанистички план на град Радовиш 1.648.330,00 денари

| Реден | Генерален урбанистички план | Површина | Износ денари |
| --- | --- | --- | --- |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Број | | (ha) | |
| III. | 1. | Донесување на нов Генерален урбанистички план за град Радовиш | 600,0 | 1.648.330,00 |
| | | | ВКУПНО: | 1.648.330,00 |

Детални урбанистички планови во град Радовиш ....................................... 944.200,00 денари

| Реден Број | Детален урбанистички план | Површина (ha) | Износ денари |
|---|---|---|---|
| 2. | Измена и дополнување на ДУП за УБ 10 дел | 10,0 | 155.000,00 |
| 3. | Измена и дополнување на ДУП за дел од УБ 15 | 4,54 | 180.000,00 |
| 4. | Измена и дополнување на ДУП за дел од УБ 16 | 2.54 | 120.000,00 |
| 7. | Измена и дополнување на ДУП за дел од УБ 28 | 7,7 | 240.000,00 |
| 8. | Измена и дополнување на ДУП за дел од УБ 2 | 7,01 | 163.600,00 |
| 9. | Измена и дополнување на ДУП за дел од УБ 8 и 9 | 1,5 | 46.600,00 |
| 10. | Измена и дополнување на ДУП за дел од УБ 19 | 3,0 | 39.000,00 |
| | | ВКУПНО: | 944.200,00 |

2. Се предлага дополнување на точка 15 од табела IV. Изработката на урбанистичко-планска документација за село.

IV. Урбанистички план за село ........................................................................................................ 7.058.500,00 денари

| Реден Број | Урбанистички план за село | Површина (ha) | Износ денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Урбанистички план за с.Раклиш | 35,0 | 420.000,00 |
| 2. | Урбанистички план за с.Ораовица | 76,15 | 761.500,00 |
| 3. | Урбанистички план за с.Воиславци | 40,0 | 440.000,00 |
| 4. | Урбанистички план за с.Калугерица | 50,0 | 550.000,00 |
| 5. | Урбанистички план за с.Сулдурци | 30,0 | 315.000,00 |
| 6. | Урбанистички план за с.Аликоч | 25,0 | 275.000,00 |
| 7. | Урбанистички план за с.Коџалија | 25,0 | 275.000,00 |
| 8. | Урбанистички план за с.Калаузлија | 25,0 | 275.000,00 |
| 9. | Урбанистички план за с.Злеово | 50,0 | 550.000,00 |
| 10. | Урбанистички план за с.Смиљанци | 15,0 | 165.000,00 |
| 11. | Урбанистички план за с.Бучим | 15,0 | 165.000,00 |
| 12. | Урбанистички план за с.Тополница | 25,0 | 275.000,00 |
| 13. | Урбанистички план за с.Парналија | 15,0 | 165.000,00 |
| 14. | Урбанистички план за с.долно Дамјан | 25,76 | 283.000,00 |
| 15. | Урбанистички план за с.Ињево | 100,0 | 1100.000,00 |
| 16. | Урбанистички план за с.Подареш | 104,0 | 1144.000,00 |
| | | ВКУПНО | 7.058.500,00 |

V. Урбанистички план вон населено место....................................................................445.000,00 денари

| Реден Број | Урбанистички план вон населено место | Површина (ha) | Износ денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Индустриска зона Долна Рудина | 5,0 | 75.000,00 |
| 2. | Туристичка развојна зона К.О.Козбунар | 14,84 | 250.000,00 |
| 3. | УПД за автокамп во КО Козбунар-Опш.Радовиш | 8,00 | 120.000,00 |
| | | ВКУПН | 445.000, |

VI. Урбана опрема и времени објекти во општина Радовиш.............................145.000,00 денари

| Реден Број | Програма | Површина (ha) | Износ денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Програма за поставување на урбана опрема и времени објекти во општина Радовиш | 499,0 | 145.000,00 |
| | | ВКУПНО | 145.000,00 |

VII. Самофинансирање на планска документација

| Реден Број | Планска документација | Површина (ha) | Износ денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Измена и дополнување на ДУП за дел од УБ 3 | 4,47 | самофинансирање |
| 2. | Измена и дополнување на ДУП за УБ 1 и 8, дел од | 10,49 | самофинансирање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | УМ, А и Б | | |
| 3. | Измена и дополнување на ДУП за УБ 7 | 23,20 | самофинансирање |
| 4. | Измена и дополнување на ДУП за УБ 10 Блок 3 дел | 2,19 | самофинансирање |
| 5. | Измена и дополнување на ДУП за УБ 19 | 2,90 | самофинансирање |
| 6. | Локална урбанистичка планска документација со намена Г3 – за КП бр. 1218, КО Раклиш вон г.р. | 0,60 | самофинансирање |
| 7. | ЛУПД со намена Г2 – на КП бр. 4673/1, 4673/2, 4673/3, КО Радовиш вон г.р. | 0,40 | самофинансирање |
| 8. | ЛУПД со намена Г2 - на КП бр. 2691 во КО Ињево вон г.р. | 0,60 | самофинансирање |

5. ФИНАНСИРАЊЕ

За финансирање на урбанистичките планови од програмата Ф1, потребните средства ќе се обезбедат од:

| Реден Број | Програма | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Буџет на Општина Радовиш за 2017 год. | 4.404.430,00 |
| 2. | Буџет на РМ - Програма за финансиска подршка на руралниот развој за 2015 година | 2.200.000,00 |
| 3. | Буџет на РМ - Програма за финансиска подршка на руралниот развој за 2016 година | 4.750.000,00 |
| | ВКУПНО: | 11.354.430,00 |

6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШИ ОДРЕДБИ

Во текот на годината во зависност од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Врз основа на годишната Програма за изработка на урбанистички планови, општина Радовиш како нарачател на планот склучува договори за изработка на планови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/13 и 163/13) со правни лица кои имаат лиценци и планери кои поседуваат овластувања за изработка на урбанистички планови.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Радовиш“.

Бр. 08-400/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Програмата за работа на ЈУМ Центар за социјални работи во Радовиш за 2017 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Програмата за работа на ЈУМ Центар за социјални работи во Радовиш за 2017 година, број 08-401/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-401/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врзоснова на член 15 т.7, асогласно член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 28.02.2017 год., донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Програмата за работа на ЈУМ Центар за социјална работа Радовиш за 2017 година

I. Се усвојува Програмата за работа на ЈУМ Центар за социјална работа во Радовиш за 2017 година.

II. Советот на општината информативно ја усвојува Програмата за 2017 година поради тоа што за спроведување на оваа Програма ЈУМ Центар за социјална работа е одговорен пред Министерството за труд и социјална политика.

III. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-401/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Програмата за заштита на децата во општина Радовиш за 2017 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Програмата за заштита на децата во општина Радовиш за 2017 година, број 08-402/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-403/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 15 т.7, асогласно член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 28.02.2017 год., донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Програмата за заштита на децата во општина Радовиш за 2017 година

I. Се усвојува Програмата за заштита на децата во општинаРадовиш за 2017 година.

II. Советот на општината информативно ја усвојува Програмата за заштита на правата на децата за 2017 година поради тоа што за спроведување на оваа Програма ЈУМ Центар за социјална работа е одговорен пред Министерството за труд и социјална политика.

III. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-402/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Програмата и Планот за работа на ОО Црвен крст Радовиш за 2017 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Програмата и Планот за работа на ОО Црвен крст Радовиш за 2017 година, број 08-403/1 што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-403/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врзоснова на член 15 т.7, а согласно член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 28.02.2017 год., донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Програмата и Планот за работа на ОО Црвен крст Радовиш за 2017 година

I. Се прифаќа Програмата и Планот за работа на ОО Црвен крст Радовиш за 2017 година, бр. 19-107/41 од 09.02.2017 година.

II. Советот на општината информативно ја разгледува и усвојува Програмата и Планот за работа од Општинската Организација на Црвен крст Радовиш за 2017 година, поради тоа што за спроведување на активностите ОО Црвен крст Радовиш е одговорен пред Републичкиот Црвен крст на Македонија.

III. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-403/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за усвојување на Акционен План за јавни работи во општина Радовиш за 2017 година и Акционен План за јавни работи во општина Радовиш за 2017 година

Ги прогласувами објавувам Одлуката за усвојување на Акционен План за јавни работи во општинаРадовиш за 2017 година, бр. 08-404/1 и Акционен План за јавни работи во општина Радовиш за 2017 година, бр. 08-404/2, што советот на општина Радовиш ги донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-404/3 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одрана на 28.02.2017 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Акционен План за јавни работи во општина Радовиш за 2017 година

Член 1
Се усвојува Акциониот План за јавни работи во општина Радовиш за 2017 година.

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-404/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ РАБОТИ 2017 год
ОПШТИНА РАДОВИШ

Глава 1 - Процес на Програмско и Акционо планирање

1.1. Принципи на кои е поставен Акциониот план (партиципативност и др.)

При изработката на Акциониот план за јавни работи на Општина Радовиш применет е концептот на локално планирање, базирано врз принципот на планирање оддолу - нагоре.

При подготовката на Акциониот план за јавни работи на Општина Радовиш беше користена методологијата на партиципативно планирање. Процесот на партиципативно планирање може да се дефинира како вклучување на сите заинтересирани страни, т.е. фактори (поединци, групи, организации и институции) во одлучувањето за сите прашања поврзани со развојот, во прашањата за проблемот со јавни работи на Општина Радовиш.

За примена на партиципативниот пристап во планирањето треба да се задоволат неколку услови и истите во Општина Радовиш беа исполнети:

– подготвеност на градоначалниците и на локалната администрација, како и на советите на општините да го спроведат партиципативното планирање;

– транспарентност во работата на Општината при планирањето;

– непристрасност во односите меѓу градоначалниците, администрацијата и другите фактори на развојот во Општината;

– навремено спроведување на активностите за партиципативно планирање.

При спроведување на процесот на партиципативното планирање, во Општината Радовиш се направи идентификација на сите релевантни проблеми и чинители.

Условите кои треба да се задоволат за да се примени пристапот за партиципативно планирање, и кои беа исполнети во рамки на општината, се:

- подготвеност од страна на Градоначалникот, советот на општината, локалната администрација, граѓанските организации и бизнис секторот за да се имплементира пристапот на партиципативно планирање во делот на јавните работи;

- транспарентност при спроведување на активностите на општината за време на планирањето;

- непристрасни релации помеѓу Градоначалникот, администрацијата и другите чинители во однос на развојот на општината;
- навремено спроведување на активностите поврзани со партиципативното планирање.

Процесот на изработка на овој документ беше раководен врз основа на следниве принципи и вредности:

- Иновација, креативност и динамичност, значи дека ние ќе учиме од најдобрите практики и ќе придонесуваме за нив;
- Флексибилност и одговорност, со цел да им одговориме на променетите потреби иоколности;

- Транспарентност и коректност, кои ќе обезбедат отвореност во донесувањето на одлуките и во распределбата на финансиските средства;

- Професионализам, кој значи дека ги спроведуваме нашите должности најдобро што можеме;

- Ефикасност и ефективност, со што ќе обезбедиме најсоодветно користење на ресурсите кои ни се на располагање;

- Партнерство и комуникативност, со што ќе промовираме ефективно ангажирање со нашите партнери, заинтересираните страни и граѓаните на општината;

- Неопходноста од усогласување на активностите со Буџетот на Општината и со другите расположливи финансиски средства за имплементација на активностите;

- Следење на динамиката на надворешните процеси кои влијаат врз развојот на општината, а кои би можеле да доведат до неусогласеност на Акциониот план со надворешната средина.

Овие принципи и вредности остануваат важечки и при спроведувањето на Акциониот план како и при набљудувањето и оценката на постигнувањата на развојот на општина Радовиш.

Глава 2 – Акциски план за спроведување на стратегискиот документ

За спроведување на активностите од акциониот план ке ни биде потребно да се ангажират 10 лица, на временски рок од 6 месеци. Спроведувањето на активностите ке се врши во соработка со јавното комунално претпријатие “Плаваја“ од Радовиш.

Матрица на логичка рамка (вклучително показатели и средства за верификација за секоја утврдена Акциона цел/дејствие, главни носители на обврски, предложен буџет и сл.).

- Акциона цел 1. – Чистење на локалните паркови, зелени површини и речни корита.

| Бр. | Акциони дејствија | Одговорен | Показатели | Верификатори |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Градски парк | ЕЛС Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 2. | Парк Липа | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 3. | Парк на младите | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 4. | Зелени површини покрај стамбени згради | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 5. | Парк во с.Ораовица | ЕЛС Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 6. | Парк во с.Калугерица | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 7. | Парк во с.Раклиш | ELS-Radovi{в, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 8. | Парк во с.Воиславци | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 9. | Парк во с.Сулдурци | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 10. | Парк во с.Злеово | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 11. | Парк во с.Подареш | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |

- Акциона цел 2. – Чистење на локалните патишта и улици.(на ниво на општина).

| Бр. | Акциони дејствија | Одговорен | Показатели | Верификатори |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ул.”Кеј 8$^{ми}$ Септември “ | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 2. | Ул.”Плачковица “ | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 3. | Ул.” Партизанска “ | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 4. | Ул.” Илија Алексов“ | | Месечен извештај за спроведени | Спроведени контроли и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | активности | фотографии |
| 5. | Бул.” Александар Македонски“ | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 6. | Локален пат Подареш-Смиљанци (дел) | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 7. | Ул.бр.8 во с.Подареш | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 8. | Улица во с.Подареш од црквата до кружен тек | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |

Акциона цел 3. - Чистење на канафките, и каналите

| Бр. | Акциони дејствија | Одговорен | Показатели | Верификатори |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Канафки покрај ул.Св.Спасо Радовишки | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 3. | Канафки на ул.Калузлиска | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 4. | Локален пат Раклиш-Калаузлија | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |

Акциона цел 4. – Обележување на локалните патишта и улици со хоризонтална и вертикална сигнализација во градот Радовиш и населените места согласно потребите

| Бр. | Акциони дејствија | Одговорен | Показатели | Верификатори |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Обележување на улици во градот | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 2. | Обележување на паркиг места во градот | ЕЛС-Радовиш, ЈП Плаваја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |

Акциона цел 5. - Генерирање на приходи на невработените лица

| Бр. | Акциони дејствија | Временски рок | Ресурси/ средства (во МКД) | Одговорен | Показатели | Верификатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Општински буџет овие средства се предвидени за реализација на акционите цели по точките 1, 2, 3, 4, 6 и 7 од овој акционен план. | 6 месеци | 500.000,оо | ЕЛС-Радовиш | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли |

- Акциона цел 6.- Подигање на јавната свест за придобивките од воведувањето на јавните работи како неопходна мерка.

| Бр. | Акциони дејствија | Одговорен | Показатели | Верификатори |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Соопштение до локалните медиуми | ЕЛС-Радовиш-ЈП Плавaја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли |
| 2. | Објава на работата на web-страната | ЕЛС-Радовиш-ЈП Плавaја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли |

Акциона цел 7. - Одржување и заштитата на јавните објекти на територијата на општина Радовиш

| Бр. | Акциони дејствија | Одговорен | Показатели | Верификатори |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Зграда на ЕЛС општина Радовиш | ЕЛС-Радовиш-ЈП Плавaја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 2. | Фонтана во центарот (рибичка) | ЕЛС-Радовиш-ЈП Плавaја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 3. | Фонтана во Паркот на младите | ЕЛС-Радовиш-ЈП Плавaја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |
| 4. | Реквизити во детски паркови | ЕЛС-Радовиш-ЈП Плавaја | Месечен извештај за спроведени активности | Спроведени контроли и фотографии |

Бр. 08-404/2 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за наградување на талентирани ученици во општина Радовиш во учебната 2014/ 2015 год.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за наградување на талентирани ученици во општина Радовиш во учебната 2014/ 2015 год. , бр. 08-405/1, што советот на општина Радовиш ги донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-405/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл.21 од Статутот на општина Радовиш, а согласно Одлуката за наградување на талентираните ученици во основното и средното образование во општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 28.02.2017 год., донесе

ОДЛУКА
За наградување на талентирани ученици во општина Радовиш во учебната 2014/ 2015 год.

Член 1
Се наградуват талентирани ученици во општина Радовиш во учебната 2014/ 2015 година во висина од 46.000,00 денари :

1. ООУ " Никола Карев
Радовиш............................................. 46.000,00 ден.
Ученици............................................. 18.000,00 ден.
За ментори......................................... 28.000,00 ден.

Член 2
Основните училишта и Средното општинско училиште распределбата на средствата да ја извршат согласно Одлуката за наградување на талентирани ученици во општина Радовиш бр. 07-2625/1 од 28. Ноември 2006 г.

Член 3
Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-405/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за наградување на талентирани ученици во општина Радовиш во учебната 2015/ 2016 год.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за наградување на талентирани ученици во општина Радовиш во учебната 2015/ 2016 год. , бр. 08-406/2, што советот на општина Радовиш ги донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-406/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл.21 од Статутот на општина Радовиш, а согласно Одлуката за наградување на талентираните ученици во основното и средното образование во општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 28.02.2017 год., донесе

ОДЛУКА
За наградување на талентирани ученици во општина Радовиш во учебната
2015/ 2016 год.

Член 1
Се наградуват талентирани ученици во општина Радовиш во учебната 2015/ 2016 год во висина од 186.000,00 денари :

1. ООУ " Никола Карев Радовиш.. 62.000,00 ден.
Ученици............................................. 38.000,00 ден.
За ментори......................................... 24.000,00 ден.

2. ООУ " Коста Рацин с.Подареш
Радовиш............................................. 10.000,00 ден.
Ученици............................................. 2.000,00 ден.
За ментори......................................... 8.000,00 ден.

3. ООУ"КрстеП.Мисирков"Радовиш88.000,00ден.

Ученици............................................ 38.000,00 ден.
Екипна награда ............................... 22.000,00 ден.
За ментори........................................ 28.000,00 ден.

4. СОУ " Коста Сусинов„
Радовиш.............................................. 16.000,00 ден.
Ученици............................................... 4.000,00 ден.
За ментори......................................... 12.000,00 ден.

ВО ВКУПЕН ИЗНОС ЗА СИТЕ УЧИЛИШТА:
За Ученици......................................... 82.000,00 ден.
Екипна награда ................................ 22.000,00 ден.
За ментори......................................... 72.000,00 ден.
СЕ ВКУПНО..................................... 176.000,00 ден.

Член 2

Основните училишта и Средното општинско училиште распределбата на средствата да ја извршат согласно Одлуката за наградување на талентирани ученици во општина Радовиш бр. 07-2625/1 од 28 Ноември 2006 г.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-406/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за усвојување на Програма за работа на ЈПССО „Радовиш-2014„ и Програмата за работа на ЈПССО „Радовиш-2014„за 2017 година

Ги прогласувами објавувам Одлуката за усвојување на Програма за работа на ЈПССО „Радовиш-2014„ за 2017 година, бр. 08-407/1 и Програма за работа на ЈПССО „Радовиш-2014„ за 2017 година, бр. 08-407/2, што советот на општина Радовиш ги донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-407/3 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одрана на 28.02.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
за усвојување на Програма за работа
на ЈПССО „Радовиш-2014„ за 2017 година

Член 1

Се усвојува Програма за работа на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за 2017 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-407/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на Р.М бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13 ), и член 25 од Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Радовиш 2014“ - Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 28.02.2017 г., донесе

## П Р О Г Р А М А
за работа и планирани активности во 2017 година на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти на ЈПССО „ Радовиш 2014 “ – Радовиш

Тргнувајќи од фактот дека развојот и унапредувањето на, масовниот, професионалниот, рекреативниот и училишниот спорт се од извонредно значење за социјализација и развивање на натпреварувачкиот и здрав дух кај младите, како и заради остварување на јавниот интерес во областа на спортот во општина Радовиш, како решение за начинот на стопанисување и одржување на постоечките и новоизградените спортските објекти беше формирано ЈПССО Радовиш 2014.

Заради постојано одржување на спортските објекти како и задоволување на јавните потреби за спорт кои произлегуваат од страна на спортските клубови, здруженија, сојузи но и од граѓаните на општина Радовиш кои рекреативно ги користат овие објекти, ЈПССО Радовиш 2014 изготви Програма за работа и планирани активности во 2017 година.

Основни цели на оваа програма се:

- Унапредување, обезбедување и понатамошен развој на условите за тренирање и натпреварување на сите спортски клубови и училишта од нашата општина, за задоволување на потребите од редовно, активно и масовно бавење со спорт, рекреација, забава и други позитивни активности за сите грагани од општината.

- Соработака и помагање во остварувањето на програмата за јавните потреби на спортот на општина Радовиш во 2017 год., помагање во делот на традицијата, прослави и јубилеи, како и основната дејност а тоа е помагање во зачувувањето на традициите на спортовите како што се ракометот, кошарката, пинг-понгот, каратето, тенисот, малиот фудбал, борењето и други спортови што опстојуваат во нашата општина.
- Континуирано одржување и обновување на постоечките спортски објекти:

СРЦ 25 Мај, Градски стадион, Двојни тениски терени и повеќенаменско игралиште во склоп на СОУ Коста Сусинов.

- Обезбедување на оперативна и активна рекреација за сите граѓани што се расположени за задоволување на нивните животни потреби за движење, толку отсутни во оваа време а толку важни за здравјето на човекот.
- Обезбедување на пасивна рекреација за сите заентерисирани граѓани во делот на гледање и навивање на спортски и рекреативни настани од локален, државен, европски па и светски карактер.
- Организирање на многу уметничко-културни манифестации.
- СРЦ„25 Мај“ да ја направиме сала од национален интерес.
- Континуирано и редовно реновирање и обновување на посточките спортски објекти.

Активности во претпријатието

- Активностите на претпијатието ке бидат насочени кон остварување, почитување и редовно информирање на органите и телата во претпријатието а тоа се Управниот одбор, Надзорниот одбор за контрола на матерјално финансовото работење и клубовите корисници на услугите.
- Редовно информирање на органите и Советот на општината согласно и програмата на локалната самоуправа и тоа тромесечно,полугодишно,деветмесечно и годишно информирање и барање согласност за актите донесени од управниот одбор.
- Соработака со сите спортски клубови, сообразување на користењето на реалните барања и потреби на клубовите, пристутна масовност посебно кај младата генерација, исполнување на програмите на детските градинки, училиштата од основно и средно образование за нивните посебни спортски програми од мегуучилишниот спорт и натпреварување.
- Организирање на секаков вид на манифестации, програми и проекти од спортот, културата, уметноста, стопанството и друго што е во интерес на граганите на општина Радовиш и пошироко.
- Замена и поставување на нова одводна и доводна мрежа за вода во спортската сала.
- Постапно и системско реновирање на сите постоечки помошни простории во салата.
- Почитување на правилникот за одржување и користење на тениските игралишта изградени согласно проектот за изградба на 100 тениски игралишта во Р. Македонија.
- Почитување на правилникот за користење на помошни фудбалски игралишта изградени согласно проектот за изградба на 50 помошни фудбалски игралишта.
- Со оглед на специфичноста на подот (гумиран под) на повекенаменското игралиште изградено во дворт на гимназијата „Коста Сусинов“ редовно чистење, бидејки секаков вид на отпадок може многу лесно да го оштети.

Она што е доста важно за самото функционирање на самото претпријатие е тоа дека покрај основната дејност т.е. управување, одржување и изнајмување на спортските објекти на подрачјето на општина Радовиш , активно ќе учествува и во:

- реализирање на спортско-рекреативниот живот во општина Радовиш со помагање на спортските клубови во нивното спроведување на годишните програми, помагање на здруженијата во организирање на спортски манифестации ;
- создавање нормални услови за реализирање на спортско-рекреативни активности на спортистите но и на граѓаните а особено на помладите и здруженијата на граѓани од областа на спортот ;
- афирмација на општина Радовиш како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од неа ;

За финансирање на Програмата за работа и планирани активности во 2017 година, ќе биде изготвен посебен Финансиски план, и ќе биде доставено барање до Советот на општина Радовиш за донесување на Одлука за субвенционирање на активностите на ЈПССО Радовиш 2014.

Бр. 08-407/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
### За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Финансовиот план на ЈПССО „Радовиш-2014„ за 2017 година

Ја прогласувами објавувам Одлуката за усвојување на Финансискиот план на ЈПССО „Радовиш-2014„ за 2017 година, бр. 08-408/1, што советот на општина Радовиш ги донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-408/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одрана на 28.02.2017 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Финансискиот план
на ЈПССО „Радовиш-2014„ за 2017 година

Член 1
Се усвојува Финансискиот план на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за 2017 година.

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-408/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за распишување оглас за
распределба на средства на здруженија на граѓани
и невладини организации од буџетот
на општина за 2017 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за распишување оглас за распределба на средства на здруженија на граѓани и невладини организации од буџетот на општина за 2017 година, бр. 08-409/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-409/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 т. 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 година, донесе

О Д Л У К А
за распишување оглас за распределба на средства
на здруженија на граѓани и невладини
организации од буџетот на општина за 2017
година

Член 1
Се распишува оглас за распределба на средства на здруженија на граѓани и невладини организации од буџетот на општина за 2017 година.
Огласот е составен дел на оваа Одлука.
Се задолжува градоначалникот на општина Радовиш да ја спроведе оваа Одлука, а Комисијата за финансирање и буџет да ги разгледа и достави предлог Одлука до советот на општината, согласно критериумите од Правилникот за распределба на овие средства.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-409/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2017 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за распределба на средства за спорт
од Буџетот на општина Радовиш за 2017 год.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за распределба на средства за спорт од Буџетот на општина Радовиш за 2017 год., бр. 08-410/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 28.02.2017 год.

Бр. 09-410/2 Градоначалник на
01 Март 2017 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 34 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник бр. 5/2002) и член 44, став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш, согласно

Правилникот за утврдување критериуми за распоредување на средства на здруженија на граѓани, невладини организации, спортски клубови и поединци од буџетот на општина Радовиш, број 08-146/1 од 25.01.2016 година, како ираспишаниот јавен оглас за распределба на финансиски средства за спорт за 2017 година, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2017 год., донесе

ОДЛУКА
за распределба на средствата за спорт од буџетот на општина Радовиш за 2017 год.

Член 1

По распишаниот јавен оглас за користење на средства од буџетот на општина Радовиш за 2017 година се распоредуваат на:

1. ЗГ за фитнесс и боди билдингмускулна уметност------------------------------------------30.000ден.
2. Алпинистички клуб „Плоча„ --------50.000 ден.
3. Лебари Исток Радовиш---------------- 30.000 ден.
4. ФК „Плачковица„------------------- 2.975.000 ден.
5. Општински сојуз на училишен спорт Радовиш----------------------------------------- 70.000 ден.
6. УСК Никола Карев Радовиш --------10.000 ден.
7. ФК „Бунарџик„ с. Бучим -------------15.000 ден.
8. ФК „Готен„ с. Подареш ---------------15.000 ден.
9. ФК „Изведен„ с. Ораовица -----------15.000 ден.
10. Општински фудбалски сојуз---------200.000ден.
11. ЗЛТ „Готен„ Радовиш------------------60.000 ден.
12. УСК „Крсте П.Мисирков„Радовиш10.000 ден.
13. Триатлон клуб „АНА ДА„ Р.адовиш--------------------------------------200.000 ден.
14. Пингпонгарски клуб „Еми Петрол„ Радовиш -----------------------------------------50.000 ден.
15. Муаи Таи клуб Комбат Радовиш-- 200.000 ден.
16. ШК Рокада Радовиш--------------------25.000 ден.
